Бр./Nr 12-8528/4

16-02-2023 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 82ра седница одржана на 14.02.2023 година ја донесе следната

*ОДЛУКА*

Пријавата заведена под број 12-8528/1 од 21.10.2022 година, против општина ------- **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што, во пријавата нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 12-8528/1 од 21.10.2022 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Од страна на познат подносител, на ден 21.10.2022 година, поднесена е пријава против општина -------- и оформен е предмет број 12-8528/1 од 21.10.2022 година.

Во пријавата која е доставена преку електронска пошта, подносителот има наведено нејасна и неразбирлива содржина, поради што ДКСК се обрати до подносителот на електронската пошта преку која е доставена оваа пријава и побара да се доставaт дополнителни информации, со конкретни наводи за сторена злоупотреба од службено лице по кое ќе може да се постапува.

Во законски предвидениот рок, ДКСК не доби одговор на поднесеното барање.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата, нема доволно податоци со кои би се конкретизирале пријавените наводи и нема можност да се обезбедат дополнителни информации за наводите во пријавата.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК на седницата одржана на 14.02.2023 година одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата (ако подносителот е познат)

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател**
**Катица Николовска**

Изготвил: м-р Е.Н, советник
Одобрил: С.П.Д, член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk